# Family Tax Benefit Part B (Даночна бенефиција за семејства, дел Б)



## Family Tax Benefit Part B—Macedonian

Им нуди дополнителна помош на семејствата со еден родител и на семејствата со два родители кои имаат еден главен приход и во кои едниот родител избира да остане дома или работи за приход и истовремено се грижи за децата.

Family Tax Benefit Part B се проценува врз основа на приходот на примарниот и на секундарниот носител на приход. Сами родители на кои им следува секогаш го добиваат највисокиот процент.

Ако изберете да ја примате исплатата секои две недели, ќе треба да процените колку ќе изнесува приходот на вашето семејство во претстојната финансиска година. Исто така можете да изберете да примате Family Tax Benefit Part B годишно како еднократна исплата. **Ако побарате да ви плаќаат годишно ќе го намалите ризикот од преплатување.**

## Кој може да ја прима оваа бенефиција?

Мора:

- Ако сте сам родител при што приходот на родителот ги задоволува критериумите за приход; **или**
- Ако сте семејство со двајца родители при што приходите на двајцата родители ги задоволуваат критериумите за приход за примарниот носител на приход; **и**
- Ако се грижите за зависно дете 35% или повеќе од времето; **и**
- Ако ги исполнувате барањата за жителство на Австралија за целите на семејните додатоци.
- Ако ја споделувате грижата за вашето дете помеѓу 35% и 65% од времето, може да ви следува дел од Family Tax Benefit Part B.

Ако за детето се грижите заедно со некое друго лице, можеби ќе имате право да примате Family Tax Benefit Part B за времето кога вие се грижите за детето.

## Колку можам да примам?

Сите износи се важечки од 01.07.2008

**Максималните стапки на исплата на Family Tax Benefit Part B се:**

| **Возраст на најмалото дете** | **Секои две недели** | **Годишно (вклучувајќи доплата)** |
|---|---|---|
| Помало од 5 години | $128.80 | $3,693.80 |
| На возраст меѓу 5 и 15 години (или на возраст меѓу 16 и 18 години ако тој/таа редовно посетува настава на училиште) | $89.74 | $2,675.45 |

## Кои се проверките на приход?

Ќе важат критериумите за приход на примарниот носител на приход од $150,000 или помалку во годината за семејства со сами родители и двојца родители. Семејствата со сами родители секогаш ги добиваат највисоките износи на Family Tax Benefit Part B ако нивниот приход е под лимитот на примарниот носител на приход.

Во семејства со двајца родители, ќе важат критериумите за приход на секундарниот носител на приход во случаи кога приходот на примарниот носител е $150,000 или помалку во годината. Секундарниот носител на приход може да заработува $4,526 годишно и сеуште да добива најголем процент од Family Tax Benefit Part B. Ако приходот на секундарниот носител на приход е над $4,526 годишно, плаќањата се намалуваат за 20 центи за секој додатен долар приход.

Родителите на кои им следува ќе добиваат определен износ Family Tax Benefit Part B ако приходот на оној кој заработува помалку е под:

- $22,995 годишно ако најмалото дете е под 5 годишна возраст, или
- $17,904 годишно ако најмалото дете е на возраст од 5 до 18 годишна возраст

## Што е Family Tax Benefit Part B Supplement (Доплата на даночната бенефиција за семејства, дел Б)?

Ова е зголемување на годишната стапка на Family Tax Benefit Part B до $335.80 по семејство. Се исплаќа по завршетокот на финансиската година кога вие и вашиот партнер ќе вложите даночна пријава. Јавете се на Family Assistance Office ако нема потреба вие и вашиот партнер да вложите даночна пријава. Family Tax Benefit Part B Supplement се користи како офсет кога на семејствата им се исплатило повеќе од што требало.

## Родители кои повторно почнуваат да работат

Од 1ви јули 2005 г., родителите кои се враќаат на работа после раѓањето на детето може да се квалификуваат да добијат исплата на Family Tax Benefit Part B за периодот од финансиската година пред да се вратат на работа. Ако вие или вашиот партнер сте се вратиле на работа откако ви се родило бебе, за тоа ќе треба да ги известите во Family Assistance Office.

## За повеќе информации:

- Телефонирајте за информации на македонски јазик од понеделник до петок во Family Assistance Office (Служба за помош на семејства) на **13 1202** меѓу 8.00 ч. Наутро и 5.00 ч. попладне (време на источната зона).
- Посетете ги Интернет страните **www.familyassist.gov.au**
- Посетете ја најблиската канцеларија на Family Assistance лоцирана во канцелариите на Medicare Australia, Centrelink Customer Service Centres и Australian Taxation Office.